**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1403-337/9**

**Скопје, 15.10. 2008 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ ВО КОНЕЧНИОТ ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР НА ОРГАНОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ БРОЈ 2007 35/2 04 ОД 2007 ГОДИНА**

## 1. Резиме

### 1.1. Основ за вршење на ревизијата на спроведување на препораките

Во 2007 година беше извршена ревизија на финансиските извештаи на општина Кавадарци на сметката на Органот за 2006 година.

Цел на ревизијата на финансиските извештаи беше изразување мислење за тоа:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

### 1.2. Резиме на резултатите од ревизијата на спроведување на препораките

Во овој извештај на Овластениот државен ревизор се презентирани резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките на општина Кавадарци сметка на Органот. Во извештајот беа опфатени функционалните области на финансиско известување, оценка на системот на интерни контроли во процесот плаќање и процесот на плати, користените сметководствени политики и начела, испитување докази за потврдување конкретни финансиски трансакции, организациона поставеност и финансиско раководење на субјектот.
Во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор број 2007 35/2 04 од 2007 година беа дадени вкупно дваесет и две препораки кои се однесуваат на претходно наведените функционални области.
Препораките се однесуваат на преземање мерки од страна на одговорните лица во општина Кавадарци, за отстранување на утврдените слабости во системот на интерните контроли и вистинито и објективно прикажување на билансните позиции во финансиските извештаи.

Општина Кавадарци нема донесено Акционен план за имплементација на препораките по извршената ревизија за 2006 година со утврдени рокови и определени обврски по организациони делови и области, поради што со непосреден увид во спроведувањето на постапките за отстранување на утврдените слабости, ревизијата даде оценка за степенот на спроведување на препораките. Имено спроведени се 6 препораки што претставува 27%, делумно спроведени се 3 препораки или 14%, во тек на спроведување се 2 препораки односно 9%, додека не се спроведени 45 % од дадените препораки односно 10 препораки.
Според сумираните резултати од спроведување на препораките ревизијата утврди дека општина Кавадарци кај сметката на Органот има направено делумен напредок во спроведување на препораките на Овластениот државен ревизор, при што е утврден следниот статус по групи:

Статусот на спроведување на препораките е даден во следниот преглед:

**Преглед 1**

| | 2007 | |
|---|---|---|
| **Статус на препораките на денот на вршење на ревизијата** | Број на препораки | **%** |
| 1 | 2 | 3 |
| Спроведени | **6** | **27%** |
| Делумно спроведени | **3** | **14%** |
| Во тек | **2** | **9 %** |
| Во план | | |
| Неспроведени | **10** | **45%** |
| Нема да бидат спроведени | | |
| Препораки кои веќе не можат да се спроведат | **1** | **5%** |
| Друго | | |
| Вкупно | **22** | **100%** |

Спроведени препораки

- Спроведена е препораката кај системот на интерни контроли во процесот на плати, донесен е Правилник за присуство на вработените на работа и е извршена поделба на овластувањата на лица задолжени за контрола на присуството, одобрување на документацијата во врска со присуството и одсуството од работа, изготвувањето на пресметката и исплатата на платите.
- Спроведена е препораката и извршена е пресметка на амортизацијата на материјалните средства за 2005, 2006 и 2007 година.
- Спроведена е препораката во врска со исплатата надоместокот за хранарина, исплатата се врши на вработените за деновите кога се присутни на работа.
- Спроведена е препораката во врска со преземање мерки за враќање незаконски исплатени дневници за градоначалникот исплатени во 2006 година. Донесено е решение за задолжување на градоначалникот од 14.06.2007 и извршена е уплата на сметката на Буџетот од страна на градоначалникот на 24.06.2007 година во износ од 528 илјади денари.
- Спроведена е препораката при плаќањето на обврските по фактури и ситуации во налозите за плаќање да се наведува документацијата по која се плаќа.
- Спроведена е препораката и времено ангажираните лица се ангажирани согласно Законот за агенциите за привремени вработувања.

Делумно спроведени препораки

- Препораката што се однесува за утврдување сметководствена политика за евидентирање набавката и давањето во употреба на материјалите и ситниот

инвентар е делумно имплементирана. Донесен е интерен акт и има воведено интерна евиденција, но потребно е воведување сметководствена евиденција.

- Препораката што се однесува за донесување акт за издавањето и користењето верна картички како и воспоставување соодветна сметководствена евиденција е спроведена делумно. Општината има донесено интерен акт – Правилник за начинот и постапката за користење верна картички со кој се определени можните корисници на верна картички. За користењето на истите е воведена соодветна интерна евиденција. Потребно е да се воведе сметководствена евиденција.
- Препораката што се однесува за расчистување состојбите кај побарувањата за дадени аванси од минати години е делумно спроведена. Од надлежните служби се преземени мерки/активности со што е намалена состојбата на нерасчистените побарувања, и на 31.12.2007 година изнесуваат 90 илјади денари.

Спроведување на препораки во тек

- Што се однесува до препораката да бидат преземени мерки за враќање незаконски исплатените средства по основ плати и надоместоци преземени се активности кои се во тек. Од страна на градоначалникот на општина Кавадарци во декември 2007 година донесени се Решенија за утврдување повеќе исплатени надоместоци посебно за Претседателот на советот и за членовите на советот, со прилог Изјава за начинот на враќање на средствата.
- За повеќе исплатената плата од 42 илјади денари градоначалникот е известен и за тоа има дадено писмена согласност за враќање на средствата.
- Спроведувањето на препораката која се однесува за обезбедување имотни листи за имотот на општината, проценка и евидентирање на истиот во сметководствената евиденција е во тек. Надлежните служби на општина Кавадарци имаат обезбедено имотни листи од Државниот завод за геодетски работи, Одделение за премер и катастар Кавадарци. Од страна на градоначалникот формирана е комисија за проценка на вредноста на имотот, постапката на проценка е во тек.

Неспроведени препораки

Останатите препораки од конечниот извештај кои се дадени во точка 5 резултати од ревизијата на спроведување на препораките, не се спроведени од страна на раководството на субјектот а се однесуваат на следното:

- Невоспоставени интерни контроли кај процесот на готовинско и безготовинско плаќање, немање пишани процедури и отсуство уредно ликвидирање на документацијата.
- Отстранување на слабостите кај благајничкото работење.
- Користење сопствено возило за службени цели и неправилности при исплата на трошоците по тој основ.
- Нема донесено програми од областа на социјалната заштита со утврдени критериуми за исплата парична помош.
- Во 2007 година исто така не е извршен целосен попис согласно Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.
- На 31.12.2007 година повторно состојбата на обврските спрема добавувачите е нереална и необјектива.
- Нереално е искажана состојба на обврски за примени аванси во Билансот на состојба.
- Нема донесено акт од надлежен орган да се изврши расчистување на состојбите во сметководствента евиденција на општина Кавадарци за преземените побарувања и обврски од поранешниот фонд кои произлегуваат од примени и дадени позајмици на Буџетот на општина Кавадарци.

- На сметката на Органот со состојба на 31 декември има искажано салдо во благајната.

### 1.3. Препорака

Ревизијата препорачува раководството на општина Кавадарци – Градоначалникот да продолжи со имплементацијата на препораките од Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор.

## 2. Вовед

### 2.1. Предмет на ревизија

Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на спроведувањето на дадените препораки во конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 2007 35/2 04 од 07.06.2007 година на Органот на општина Кавадарци за 2006 година.

### 2.2. Законски основ

Ревизијата од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 и член 23 став 9 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 6 и 9 од Законот за државна ревизија.

### 2.3. Континуитет

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за спроведувањето на дадените препораки во конечниот извештај на овластениот државен ревизор на Органот на општина Кавадарци за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

### 2.4. Одговорност на раководството на субјектот и на ревизорите на ДЗР

Спроведувањето на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор е одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Панчо Минов, Градоначалник на општина Кавадарци во 2008 година.

Одговорност и задача на ревизорите е да извршат ревизија/проверка на степенот до кој препораките дадени во конечниот ревизорски извештај се спроведени и да донесат заклучоци врз база на прибраните докази.

## 3. Цели на ревизијата

Цел на ревизијата е да се оцени степенот до кој препораките по наодите презентирани во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор број 2007 35/2 04 од 07.06.2007 година за сметка Органот на општина Кавадарци се спроведени, како и оцена на соодветноста на преземените мерки по однос на дадените препораки.

## 4. Опфат и методологија, период на вршење на ревизијата и извршители

4.1. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. За време на ревизијата, извршивме испитување на сметководствените

евиденции и поткрепувачка документација, спроведовме ревизорски постапки за оцена на усогласеноста со ревизорските стандарди и закони и одредување на соодветноста на постапките во однос на ревизорските цели, интервјуиравме одговорни лица на субјектот, извршивме процена на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, дадовме општа оценка на презентираните докази за спроведување на препораките и оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за степенот до кој препораките по наодите презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 2007 35/2 04 од 07.06.2007 година на Органот на општина Кавадарци за 2006 година се спроведени, делумно спроведени или се во фаза на спроведување и соодветноста на превземените мерки.

Ревизијата од точка 2.1 на овој извештај е извршена во периодот од 05.05 2008 до 09.05.2008 година, во просториите на општина Кавадарци, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

**5. Резултати од ревизијата на спроведување на препораките**

На ден 21.08.2008 година со писмо број 08-2332/1 од 18.08.2008 година примени се забелешки од Градоначалникот на општина Кавадарци, а на ден 18.08.2008 година со писмо број 07-2301/1 од 13.08.2008 примени се забелешки од Преседателот на Советот на општина Кавадарци. Забелешките се однесуваат по Предходниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор Бр. 2007 35/2 04 од 07.06.2007 година. Истите се разгледани при што е одлучено следното:

- забелешките кои се однесуваат на статусот на препораките од точките 11.1.2. /1 11.1.2./2, 11.3.5./5, 11.4.3./3 и 11.5.1./1 не се прифаќаат и статусот на препораките останува идентичен и во Конечниот извештај од причина што ревизијата не доби дополнителни релевантни и достатни ревизорски докази, како основ за нивно прифаќање. Актите кои се наведени и доставени во прилог на забелешките ревизијата ги имаше на увид и во периодот кога ја вршеше ревизија во просториите на субјектот. Кај некои од точките коментарот на ревизорот се надополнува во функција на допрецизирање.
- забелешката која се однесува на статусот на препораката од точка 11.5.3./3 делумно се прифаќа, односно препораката се допрецизира и истата се однесува за делот на преддоговорите кои не се преточени во конечни договори.
- забелешката која се однесува на статусот на препораката од точка 11.4.1./1 не се прифаќа од причина што истата има карактер на забелешка по наодот и препораката од наодот за кое Преседателот на Советот требал да реагира кога го примил Конечниот извештај број 2007 35/2 04 од 07.06.2007 година.

Во Прилог 1 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на Овластениот државен ревизор број 2007 35/2 04 од 07.06.2007 година

**6. Заклучоци**

Според наша професионална проценка прибрани се достатни ревизорски докази како поткрепа дека општина Кавадарци кај сметката на Органот има направено делумен напредок во спроведување на препораките на Овластениот државен ревизор.
Создадени се услови за воспоставување интерни контроли кај процесот на исплата на плати и надоместоци (точка 11.1.3./3 и 11.3.2./2 од Прилог 1 кон извештајот).

Преземени се мерки и вратени се средства кои се незаконски исплатени во износ од 528 илјади денари (точка 11.4.2./2 од Прилог 1 кон извештајот), а за дел од незаконски исплатените средства имплементацијата е во тек односно за незаконски исплатените надоместоци на советниците и дел од платата на градоначалникот донесени се акти а истите не се операционализирани (точка 11.4.1./1 од Прилог 1 кон извештајот).

Времено се ангажираните лица согласно Законот за агенции за привремени вработувања (точка 11.4.6./6 од Прилог 1 кон извештајот).

Спроведена е препораката и пресметана е амортизација на материјалните средства за 2005, 2006 и 2007 година (точка 11.3.1./1 од Прилог 1 кон извештајот).

Донесени се интерни акти чија имплементација е во тек кои се во функција на утврдување сметководствена политика за евидентирање материјали и ситен инвентар и користењето верна картички ( точка 11.3.3./3 и 11.3.4./4 од Прилог 1 кон овој извештај), делумно спроведена  е и препораката во врска со расчистување на состојбата на авансите дадени на физички лица (точка 11.5.5./5 од Прилог 1 кон извештајот).

Во тек на спроведување е препораката за проценка и евидентирање имотот на општината за чија проценка е формирана комисија но активностите според коментарите на одговорните би биле завршени до крајот на 2008 година ( точка 11.2.1./1 од Прилог 1 кон извештајот.

Не се преземени мерки за воспоставување систем на интерни контроли во процесот на плаќање како кај готовинското така и кај безготовинското плаќање ( точка 11.1.2./1, 1 1.1.2./2 и 11.3.5./5 од Прилог 1 кон извештајот). Не се имплементирани препораки од сметководствен аспект за кои одговорните  лица сметаат дека им треба подолг временски рок за имплементација односно до крајот на 2008 година, ( точка 11.5.1./1;11.5.2./2 , 11.5.3./3  и 11.5.4./4  и 11.5.,6./6 од Прилог 1 кон извештајот).

За дадените препораки по наодите од областа на јавните набавки, ревизијата не вршеше ревизија на преземените мерки за спроведување на препораките,  бидејќи неправилностите беа во делот на набавките од мала вредност и за конкретна постапка за јавна набавка, а од 01.01.2008 година во примена е нов Закон за јавни набавки.

Отпочнатите активности во општина Кавадарци укажуваат  на прифатената одговорност на раководните лица да постапат и да ги спроведат истите. Иако имплементацијата на голем дел од препораките е во тек или не е започната, преземените активности и спроведените препораки упатуваат на тоа дека се создадени предуслови за нивна примена.

Општина Кавадарци кај сметката на Органот треба да изготви планови за начинот и роковите во кои ќе се имплементираат останатите препораки и другите прашања за кои известува овластениот државен ревизор.

**Скопје, 06.10.2008 година** **Овластен државен ревизор**

**Прилог 1**

# Резултати

## од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор Бр. 2007 35/2 04 од 07.06.2007 година за општина Кавадарци сметка на Органот

| Бр./врска на наодот/препораката во конеч. изв. на ОДР | Наод од извештајот | Препорака | Статус на препораката | Коментар на ревизорот/субјектот |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | **5.1.Систем на интерни контроли во процесите** | | | |
| 11.1.2./1 | При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на плаќање ревизијата констатира дека воспоставените интерни контроли неможат да спречат ризик и тоа:<br>- плаќање по документација за непримени стоки и извршени услуги;<br>- плаќање по некомплетна и уредно не ликвидирана документација, и<br>- можност за располагање со парични средства без одобрение од овластено лице. | Ревизијата препорачува надлежните служби на општина Кавадарци да изготват пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите во процесот на безготовинско и готовинско плаќање . | Не спроведена | При оценка на процесот на плаќање констатирано е дека не се преземени мерки за подобрување. Постои ризик за плаќање на документација за непримени стоки и услуги, плаќање по некомплетна и уредно неликвидирана документација. |

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*

_________________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11.1.2./2 | При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на плаќање ревизијата констатира дека воспоставените интерни контроли неможат да спречат ризик и тоа:<br>- плаќање по документација за непримени стоки и извршени услуги;<br>- плаќање по некомплетна и уредно не ликвидирана документација, и<br>- можност за располагање со парични средства без одобрение од овластено лице. | Градоначалникот да назначи одговорно лице за уредно ликвидирање на фактурите пред нивно одобрување за плаќање | Не спроведена | При оценка процесот на плаќање констатирано е дека не се превземени мерки за подобрување. Постои ризик за плаќање на документација за непримени стоки и услуги, плаќање по некомплетна и уредно неликвидирана документација.<br>Коментарот на надлежните кај субјектот е немање на време поради присуство на повеќе контроли од надлежни органи.<br>За време на теренскиот увид ни беше презентирано решение за задолжување на лице за ликвидатор но од направениот увид во документацијата ревизорите утврдија дека ликвидирање на документацијата не се врши . |
| 11.1.3./3 | При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на исплата на плати на вработените во административните органи на општина Кавадарци ревизијата констатира дека постои ризик исплатените плати да не се резултат на вистински извршена работа (присутност на работа). | Да се изготват интерни пишани процедури во кој ќе има јасна поделба на надлежностите и овластувањата во смисла на тоа кое лице треба да изготвува, кое лице контролира, кое лице одобрува документација во врска со присуството на вработените на работа, пресметката и исплатата на платите. | Спроведена | Донесен е Правилник за присуство на вработените на работа и е извршена поделба на овлстувањата на лица задолжени за контрола на присуството, одобрување на документацијата во врска со присуството и одсуството од работа, изготвувањето на пресметката и исплатата на платите. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11.2.1./1 | Општина Кавадарци во својата евиденција го нема евидентирано имотот добиен согласно Решението бр. 23-257/43 од 08.02.2000 година, за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на општина Кавадарци врз основа на спроведен делбен биланс, донесено од Владата на Република Македонија. | Бидејќи општината не располага со имотни листи за целокупниот имот, треба на основа податоците за имотот со кој располага, а кој е добиен со решенијата од Владата на Република Македонија и други акти да изврши вонбилансно евидентирање на истиот. | Во тек на спроведување | Надлежните служби на општина Кавадарци имаат обезбедено имотни листи од Државниот завод за геодетски работи, Одделение за премер и катастар Кавадарци согласно Решението бр 23-257/47 од 08.02.2000 година. Од страна на градоначалникот формирана е комисија за проценка на вредноста на имотот, постапката на проценка е во тек. Коментарот на надлежните е дека до крајот на 2008 година очекуваат да биде завршена проценката. |
| | **5.3. Неправилна примена на сметководствени политики и начела** | | | |
| 11.3.1./1 | За 2006 година не е пресметана амортизација на набавната вредност на материјалните средства | Согласно законските прописи надлежните во општината се должни да вршат пресметка на амортизацијата на материјалните средства. | Спроведена | Извршена е пресметка на амортизацијата на материјалните средства за 2005, 2006 и 2007 година. |
| 11.3.2./2 | При исплата на надоместок за хранарина на вработените не им е задржувано за деновите кога биле службено отсутни и за тоа добивале соодветен надоместок во вид на дневници или отсуствувале од работа од други причини | Исплатата на надоместокот за хранарина да се врши согласно позитивните прописи за вработените на кои им следи овој вид надоместок. | Спроведена | Исплата на надоместокот за хранарина се врши на вработените за деновите кога се присутни на работа согласно законските прописи. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11.3.3./3 | За евидентирање на набавката и давањето во употреба на материјалите и ситен инвентар нема утврдено конзистентна сметководствена политика | Набавката на материјали треба да се регулира со општ акт со кој:<br>- ќе се утврди потребата за набавка;<br>- ќе се регулира приемот со потврда за прием, која ќе биде потпишана и заверена од страна на одговорно лице;<br>- ќе се евидентира трошењето на материјалите со издатници/требување. | Делумно спроведена | Донесен е интерен акт за набавка и трошењето на материјалите, се прави со требувања и има воведено интерна евиденција, но потребно е воведување евиденција во сметководство. |
| 11.3.4./4 | Општина Кавадарци нема утврдено сметководствена политика за евидентирање на издавањето и користењето на верна картичките. | Општината да донесе интерен акт со кој ќе се утврдат можните корисници на верна картички и за користењето на истите да воведе соодветна сметководствена евиденција. | Делумно спроведена | Општината има донесено интерен акт – Правилник за начинот и постапката за користење на верна картички со кој се определени можните корисници на верна картички. Донесени се решенија од страна на градоначалникот за задолжување на лица со верна картички и решенија за задолжување за следење на користењето на верна картичките. За користењето на истата е воведена интерна евиденција за потрошено гориво. Потребно е да се воведе сметководствена евиденција. |
| 11.3.5./5 | Надлежните во општината немаат донесено акт за благајнички максимум;<br>- вршена е исплата на поголеми износи од 100 евра во денарска противвредност; - за исплатените средства од благајната се изготвува каса исплати на која нема потпис од лицето кое ги примило парите со што не може да се потврди | - Надлежните органи да донесат одлука со која ќе ја утврдат висината на благајничкиот максимум;<br>- Поединечните исплати од благајната да не бидат повисоки од дозволените, и<br>- да се донесе акт за благајничко работење во | Не спроведена | - Донесена е одлука за благајнички максимум од Градоначалнијот ;<br>- Донесена е Одлука за благајничко работење;<br>- Касов извештај се подготвува еднаш месечно и е потпишан само од благајникот;<br>- Каса исплати е потпишана од |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | дека наведените лица ги примиле парите;<br>- исплата на трошоци за службени патувања во земјата и странство се врши врз основа налози за службено патување кои не се уредно ликвидирани и потпишани од ликвидатор и од раководител на сметководството. | склад со позитивните законски прописи. | | благајникот и лицето кое ги примило парите;<br>- Преку благајна се први исплата за патни сметки каде се потишува само поднесителот на сметката и градноначалник, нема потпис од ликвидатор и шеф на сметководство.<br>Во 2008 година нема книговодствена евиденција за касата (има изготвено касови извештаи кои не се евидентирани во сметководството);<br>Има патни сметки нераздолжени од месец 11.2007, кои се раздолжени во месец 02.2008.<br>За нераздолжените сметки нема евидентирано побарување од вработените. |
| | **5.4. Неправилности во искажување на приходите/расходите** | | | |
| 11.4.1./1 | Ставката Основни плати и надоместоци во Билансот на приходи и расходи, е искажана во поголем износ поради исплата на поголеми износи на плати и надоместоци на градоначалникот, советниците и членови на комисии. | За незаконски исплатените парични средства надлежните органи на општината да преземат мерки за враќање на истите. | Во тек на спроведување | Од страна на градоначалникот на општина Кавадрци како одговорно лице преземени се активности за враќање на незаконски исплатените средства, односно во декември 2007 година донесени се Решенија за утврдување на повеќе исплатени надоместоци посебно за претседателот на советот и за членовите на Советот, со прилог Изјава за начинот на враќање на средствата, односно советниците да решат на кој начин ќе ги вратат средствата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | (на рати со уплата на месечна рата до конечноста на исплатата или со уплата на утврдениот износ со решението во одреден рок со уплата на сметката на Буџетот).<br>За повеќе исплатената плата од 42 илјади денари градоначалникот е известен и за тоа има дадено писмена согласност. |
| 11.4.2./2 | Кај групата Стоки и услуги се искажани расходи во поголем износ од 621 илјада денари, поради неоснована исплата на дневници на Градоначалникот на општина Кавадарци за учество на комисии | За незаконски исплатените парични средства надлежните органи на општината да превземат мерки за врќање на истите. | Спроведена | Преземени се мерки односно донесено е Решение бр 08-1808/2 од 14.06.2007 година од градоначалникот за задолжување на градоначалникот на општина Кавадарци за враќање на незаконски исплатените средства. Извршена е уплата на сметката на Буџетот со извод број 118 од 25.06.2007 година во вкупен износ 528 илјади денари од страна на градоначалникот. |
| 11.4.3./3 | Градоначалникот користел сопствено возило за службени цели и во деновите кога службените возила биле слободни без одлука од надлежен орган. | При службени патувања на градоначалникот и вработените во општинската администрација да се користи превоз со службени возила, кој за таа цел се набавени, а не да се користи сопствено возило бидејќи доведува до непотребно зголемување на расходите. | Не спроведена | Донесен е акт за користење на приватно возило за службени цели и акт за користење на службено возило за службени цели.<br>И после дадените препораки од ревизијата, градоначалникот и понатаму во одредени случаи има користено приватно возило за службени цели. Има случаи кога има исплата на надомест по поминат километар од вредноста на горивото за користење на приватно возило |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | истовремено и исплата за гориво(двојна исплата). |
| 11.4.4./4 | Од средствата на општината вршена е исплата на еднократна парична помош на лозаропроизводителите од општина Кавадарци од по 4.500 денари, за побарувања кои ги имаат за неисплатеното грозје од реколтата 2005 година од Агрокомбинатот Тиквеш Кавадарци. | Да не се вршат исплати од средства на Буџетот на општината спротивно на позитивните законски прописи и пропишаните надлежностите на општината. | Не спроведена | Нема Програма со утврдени критериуми за исплата на социјална помош. Исплатени се средства на физички лица како еднократна парична помош. |
| 11.4.5./5 | За дел од фактурите при плаќањето не се наведува по која фактура, ситуација се врши истото. | При плаќање на обврските да се наведува документацијата со број и опис, по која се врши плаќањето. | Спроведена | При плаќањето на обврските по фактури и ситуации во налозите за плаќање се наведува документацијта по која се плаќа |
| 11.4.6./6 | Општина Кавадарци има ангажирано лица за извршување на работи со кој има склучено договори за дело, и за истите биле должни да постапуваат согласно законот за агенции за привремени вработувања. | Во целост да се применуваат одредбите од Законот за агенциите за привремени вработувања | Спроведена | Постапено е по препораката на ревизијата, лицата времено ангажирани се ангажираат преку агенција за привремени вработувања |
| | **5.5. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба** | | | |
| 11.5.1./1 | Пописот на средствата и изворите на средствата на општина Кавадарци со состојба на 31.12.2006 година не е извршен во целост | Надлежните органи во општина Кавадарци да превземат активности за целосно извршување на пописот на средствата и изворите на средствата согласно активностите пропишани во донесениот Правилник, и нивно евидентирање во книговодството со што ќе се добие реална состојба на имотот кој е сопственост на општината. | Не спроведена | Состојбата е иста како со пописот за 2006 година. Надлежните органи во општина Кавадарци делумно имаат превземено активности за целосно извршување на попис на средствата и изворите на средствата согласно активностите пропишани во донесениот Правилник. Со решение на градоначалникот е формирана комисија за попис и проценка на вредноста на имотот. Но пописот со состојба на 31.12.2007 година не е |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | извршен во целост. |
| 11.5.2./2 | На позицијата Обврски спрема добавувачите на 31.12.2006 година е искажана состојба која претставува состојба на пребиени долговни и побарувачки салда. | Надлежните во општина Кавадарци во финансиските извештаи во целост да ги искажуваат состојбите на обврските спрема добавувачите, а за долговните салда да ги утврдат причините и да ги евидентираат на соодветните сметки согласно сметковниот план за буџетите и буџетските корисници. Поради тоа е потребно да се изврши попис и и на основа документацијата да се утврдат точните состојби на обврските спрема добавувачите. | Не спроведена | И со состојба на 31.12.2007 година на позицијата Обврски спрема добавувачите е искажана состојба која претставува состојба на пребиени долговни и побарувачки салда. |
| 11.5.3./3 | Состојбата на обврските за примени аванси во сметководството и Билансот на состојба е помалку искажана во износ од 52.313 илјади денари | Надлежните во општината се должни согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, средствата примени како аванси да ги евидентираат како обврски за примени аванси се до моментот на исполнување на превземените обврски по истите. | Не спроведена | Средствата примени како аванси не се евидентираат како обврски за примени аванси кои имаат таков статус се до моментот на исполнување на превземените обврски по истите поради што не е постапено по препораката на ревизијата. Коментарот на надлежните е дека не се согласуваат со препораката и нема да постапат по истата. Во сметководството да се евидентираат примени аванси за предоговорите кои не се преточени во договори. |
| 11.5.4./4 | Состојбата на сметката Побарувања од буџетот е повеќе искажана за износ од 138 илјади денари за кој износ е нереално искажан Вишокот на приходите над расходите поради | Да се изврши усогласување на побарувањата и обврските кои произлегуваат од меѓу себното работење на Фондот и Буџетот на општина | Не спроведена | Не се преземени мерки и не е донесен акт од Советот за расчистување на оваа состојба. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | неосновано искажани побарувања превземени од укинатиот Фонд за комуналии и локални патишта и истовремено се нереално искажани Финансиски и пресметковни односи во меѓусебните односи со фондот во износ од 290 илјади денари, поради примени аванси од Фондот од 2002 година кој не се вратени до денот на престанување со работа на фондот. | Кавадарци и со акт на надлежниот орган да се изврши расчистување на ваквите состојби во сметководствента евиденција на општина Кавадарци. | | |
| 11.5.5./5 | 11.5.5. Состојбата на сметката Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции е искажана во износ од 336 илјади денари и претставува салдо од минати години што е спротивно на одредбите од Законот за буџетите. Надлежните служби не превзеле активности за расчистување на овие состојби дел од овие средства се исплатени на лица кој не се редовно вработени во општината туку се времено ангажирани. | - Да се изврши евидентирање на докуметацијата која не е навремено доставена во сметководството;<br>- да се изврши расчистување на побарувањата со задолжените лица, и<br>- при секоја промена на паричните средства да се применува сметководственото начело на парично искажување . | Делумно спроведена. | Во врска со расчистување на состојбите на побарувањата за дадени аванси од минати години,од надлежните служби се преземени мерки/активности со што е намалена состојбата на нерасчистените побарувања, и на 31.12.07 година изнесуваат 90 илјади денари. |
| 11.5.6./6 | Состојбата на Вишокот на приходи над расходи за пренос во наредна година во износ од 2.216 илјади денари не е усогласена со состојбата на паричните средства | Да се изврши усогласување на сметките за Парични средства со Вишокот на приходите над расходите. | Не спроведена | На 31.12.2007 година има искажоно состојбата на паричните средства во благајната од 3 илјади денари, а треба состојбата да е 0. |
| | **5.6. Не применување на одредбите од Законот за јавни набавки** | | | |
| 11.6.1/1 | Постапено е спротивно на Законот за јавни набавки поради тоа што само формално е спроведена постапка за јавна набавка за веќе завршени работи. | Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката. | Препораки кои веќе неможат да се спроведат | Бидејќи беа утврдени пропусти кај конкретна постапка за јавна набавка и неспроведени постапки за мали набавки а препораката е воопштена како и имајќи го во предвид фактот дека<br>во 2008 година е започната |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | имплементација на нов Закон за јавни набавки не е вршено ревизија на преземени мерки по препораките по однос на јавни набавки. |

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*

_________________________